

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ВЕСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

## ПЕРИОД: 05 – 16 СЕПТЕМВРИ 2016



# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ТЕЛЕВИЗИСКИ

## РЕЗИМЕ

- Резултатите во овој извештај се добиени од анализата на телевизиските вести[1] емитувани во периодот од 5 до 9 и од 11 до 16 септември 2016 година, или вкупно 10 дена. Целта на анализата беше да утврди како телевизиите на национално ниво известуваат за демократските процеси во земјата и дали ги претставуваат избалансирано различните политики гледишта. Анализирани се вестите на 12 телевиии: МТВ1, МТВ2, Сител, Телма, 24 Вести, Канал 5, Алфа, Алсат М (на македонски и на албански јазик), ТВ 21 (на македонски и на албански јазик) и ТВ Нова.
- Иако изборната кампања е далеку, дел телевизии (Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова) веќе засилено известуваат за предизборните активности на политичките партии, пред се на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Кај овие телевизии може да се констатира подобрување во поглед на балансираноста, но во голем број прилози се уште се фаворизира владејачката партија. Прилозите за СДСМ речиси секогаш се придружени со прилог-реакција од владејачката партија или од државна институција, како контратежа.

1. За методологијата на спроведување на мониторингот повеќе детали можат да се најдат на: http://respublica.edu.mk/metodologija-b

- Најизразен негативен однос беше забележан во прилозите за изјавата на Заев за употреба на албанскиот јазик на целата територија на Македонија. Напаѓачкиот однос се огледуваше пред се во едностраното известување, бидејќи беа пренесувани само негативните реакции на овој предлог, иако тие не беа единствени. Од друга страна, ветувањата на ВМРО-ДПМНЕ, особено оние дадени во форма на најави од државата, беа проследувани со авторски анализи од новинарите, со цел да се аргументира колку успешна би била нивната реализација. Повторно е забележана и синхронизираност во уредувачката телевизија кај некои телевизии (Канал 5 и Алфа) кои во своите анализи за владините поволности во земјоделството користеа дури и исти извори.

- Во содржините што се окарактеризираат како предизборна кампања спаѓаат и оние (57 прилози) во кои министри од ВМРО-ДПМНЕ промовираат владини мерки и проекти што би се реализирале по изборите. Беа објавени и прилози (18) во кои лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски промовира владини проекти. На овој начин, медиумите на владејачката партија и дадоа дополнителна предност пред опозицијата бидејќи ВМРО-ДПМНЕ ги користи ресурсите на државните институции за да се промовира во предизбо-рието. Ова покажува дека се уште не се прави разлика меѓу партијата и државата и дека провладините медиуми се еден од главните механизми на ВМРО-ДПМНЕ за се задржи на власт.

- Македонската радио телевизија во централниот дневник на својот прв програмски сервис целосно и навремено известуваше за актуелните случувања, информативно, без да навлегува во анализи. Тоа се однесува и на вестите на вториот програмски сервис.

- Кај неколку критички телевизии (Телма, 24 вести, Алсат М) следењето на редовната работа на државните и на јавните институции, нивните евентуални потфрлања да си ги исполнат обврските (во областите како образованието, урбанизмот, јавните финансии и други), без да им се дава партиски белег, се уште беше доминантна тема во оваа фаза од предизборниот период.

- Телма известуваше коректно за актуелните настани, со делумен аналитички пристап. ТВ 24 известуваше за активностите на политичките партии, но повеќе внимание посветуваше на институциите и нивното функционирање. Телевизијата Алсат М и во вестите на македонски и на албански јазик, најмногу се фокусираше на проблемите во функционирањето на државните институции, а многу помалку на кампањските активности на политичките партии. Каналот ТВ21, кој исто така емитува програма и на албански и на македонски, неутрално и објективно информираше за настаните, со повремен критички тон кон ДУИ и кон нејзините министри.

- Генерално, може да се заклучи дека медиумската слика за политичкиот плурализам во Македонија е подобрена во однос на периодот од пред шест месеци, што е особено видливо од „омекнувањето“ на негативните појави што претходно беа многу присутни: заземање страна, пропагандистичко известување, демонизирање политички субјекти, вметнување политички маркетинг како дел од вестите.

# ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

И покрај тоа што политичките партии веќе ја почнаа предизборната кампања, сепак во најголем број прилози кај дел од телевизиите главниот фокус е на работата на државните и на јавните институции, нивните пропусти или нефункционирање (197 прилози). Станува збор за прилози што се однесуваат на избор на судии и состојби во судството, проблеми во здравството и во образованието, проблеми во урбанизмот (лизгањето на земјиштето на градилиште во Скопје, за кое имаше политички реакции) и друго. Овие теми беа почесто застапени на телевизиите 24 Вести, Телма и Алсат М. Притоа, во нив телевизиите ги повикуваа на одговорност институциите не поврзувајќи ги со партиската припадност на нивниот раководен кадар, на тој начин почитувајќи ја линијата меѓу државата и партиите.

Со 154 прилози втората најзастапена тема беа предизборните активности на политичките партии. Оваа тема беше позастапена на телевизиите Канал 5, Сител, ТВ Нова и Алфа. Со оглед на тоа што опозициската партија имаше повеќе теренски активности, таа беше почесто присутна и во информативните емисии. Но, тоа беа само прилозите во кои субјектите настапуваа од името на политичката партија. Во содржините што може да се окарактеризираат како дел од предизборната кампања спаѓаат и 57 прилози за промоција на нови владини мерки и проекти, пред се за помош во земјоделството. Нив ги промовираа министри од ВМРО-ДПМНЕ, но со оглед на тоа што треба да важат по изборите, може да имаат карактер само на предизборни ветувања. Понатаму, беа објавени и 18 прилози во кои лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски ги промовира владините проекти. Гледано според бројот на прилози, двете најголеми партии се приближно еднакво застапени на сите телевизии, особено на оние што подетално ја следеа оваа фаза од предизборната кампања.

Организацијата на изборите беше исто така често застапена тема (138 прилози), особено поради проблемот што се појави со шестата изборна единица, чиј број на запишани гласачи го надминува законскиот лимит од пет отсто над просекот и ја доведува во прашање законитоста на целиот изборен процес. Оваа тема беше особено честа на медиумите што емитуваат програма и на албански јазик (Алсат М, ТВ21, МТВ2), соодветно на етничкиот состав во таа изборна единица. Но, темата ја проследија и 24 Вести, Телма, МТВ1 и Сител, а релативно малку внимание и посветија Алфа, Канал 5 и ТВ Нова. Телевизиите упатуваа критики кон Министерството за правда, партијата ДУИ и кон сите четири големи парламентарни партии, обвинувајќи ги за недоволен ангажман за да се надмине проблемот и за загрозување на изборниот процес.

Вкупно 112 прилози се објавија за Специјалното јавно обвинителство, кое на годишнината од своето формирање ги поднесе првите обвиненија, меѓу другите и против првиот човек на владејачката партија Никола Груевски. Телевизиите 24 Вести, Телма, Алсат М и ТВ21 објавија двојно, дури и тројно повеќе прилози за СЈО во споредба со Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова. Во врска со СЈО дел медиуми ја обработуваа и темата за неизјаснувањето на Уставниот суд во врска со уставноста на овој орган.

Меѓу другите покарактеристични теми беа последиците од поплавите и собраниските расправи на оваа тема (90 прилози), *25-годишнината од независноста* и анализите до каде стигнала земјата (89 прилози) и економските состојби, долговите на државата кон стопанството, можностите за инвестирање, падот на невработеноста и буџетот (75 прилози). Предлогот на лидерот на СДСМ Заев за проширена употреба на албанскиот јазик, со 38 прилози, не предизвика големо медиумско внимание, а најзастапена тема беше на Сител (8 прилози) и на Канал 5 (7 прилози).

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во десетдневниот период во медиумите што беа предмет на анализата беа објавени вкупно 1.159 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи. Беа застапени следните теми:

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |




**Број на прилози емитувани во ТВ вестите за различни теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 2. ПРИОД ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО

Во десетдневниот известувачки период, изнесувањето коментари и оценки со кои се фаворизира или се напаѓа одредено политичко гледиште беше поретко. Телевизиите ниту еднаш не ги цитираа интернет-порталите, кои во првите месеци на годината им беа главен извор на навредливи, напаѓачки, клеветнички и демонизирачки содржини. Сепак фаворизирањето на едни гледишта и запоставувањето, односно негирањето на другите, не изостана, иако изразувањето позитивен или негативен однос има загубено голем дел од својот интензитет и острина.

Главните теми низ кои можеше да се увиди различниот однос на медиумите кон едни и кон други субјекти беа предизборните активности на партиите, на претставниците на Владата, како и вклученоста на државните институции во овие активности. Ова беше видливо пред се кај телевизиите што најмногу известуваа за овие теми, како Сител, Канал 5, ТВ Нова и Алфа. И покрај релативната избалансираност во бројот на прилозите, сепак во начинот на обработката на имаше суштински разлики. Ветувањата и активностите на СДСМ се проследуваа во оригинална форма, како што ги изнесуваа претставниците на партијата, без никаков осврт на медиумот. Речиси секогаш се придружени со последователен прилог-реакција од владејачката партија или од државна институција, како контратежа. Ветувањата на ВМРО-ДПМНЕ, особено оние дадени во форма на најави од државата, беа проследувани со авторски анализи од новинарите, чија цел беше да се аргументира колку успешна би била нивната реализација. Интересно е што некои телевизии (Канал 5 и Алфа) во своите анализи за владините поволности во земјоделството користеа исти извори (истиот сточар од селото Мралино, истиот стопанственик, сопственикот на компанијата „Везе Шари“, за системите „капка по капка“). Активностите на Груевски во кои тој зборува во името на државата за туристичките викенди на пензионерите и за други мерки, беа пренесувани без никаква ограда поради неговата сегашна позиција.




**Приод во известувањето за предизборните активности на ВМРО-ДПМНЕ, Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, министри на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

Во врска со овие теми, телевизијата 24 Вести повеќе ги покриваше активностите на помалите политички субјекти отколку на поголемите блокови, и помалку се занимаваше со ветувањата и со кампањата, а повеќе со подготовките на партиите, можното формирање коалиции, составување кандидатски листи и слични активности. Телма пренесе само мал дел од изјавите на СДСМ и реакциите на ВМРО-ДПМНЕ (во врска со трошоците за студирање, 16 септември), а кај Алсат М и кај ТВ21 оваа тема беше речиси целосно отсутна. Сите овие телевизиски канали се држеа настрана од раната кампања.

Македонската телевизија на првиот програмски сервис извести за дел од активностите на опозицијата и за реакциите кон нив (укинувањето на радиодифузната такса, реакцијата за неисчистените канали итн.), како и за сличните активности на помали политички субјекти (Демократски сојуз за заштита од природни несреќи) и во помал број прилози за ВМРО-ДПМНЕ (економски проекти).

Друга тема каде што беа забележани значајни „блоковски“ разлики во известувањето беше работата на Специјалното јавно обвинителство. Прилозите во врска оваа институција се однесува на повеќе подтеми: ретроспектива по повод годишнината од формирањето на СЈО, можноста Уставниот суд да го укине обвинителството, и првите поднесени обвиненија за случаите во негова надлежност. Еден од начините на кој што се изразуваше различен однос беше пласманот на вестите. На повеќето телевизии, вклучително и на МТВ, темата дека е поднесено обвинение против лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски беше ударна и со неа се отворија вестите, што е согласно јавниот интерес, особено што станува збор за личност што девет години ја имаше де факто најмоќната политичка функција во земјата. За разлика од тоа, на Сител, Алфа и на Канал 5, тоа беше седми или осми прилог во вестите, по известувањето за украинско-македонскиот бизнис форум, посетата на српскиот претседател Томислав Николиќ, присуството на претседателот Ѓорге Иванов на првиот час на Воената академија, статистичкиот извештај за зголемен промет во индустријата, и други теми.

Другиот начин беше преку изборот на теми што се обработуваа во врска со СЈО. Додека ТВ Нова преку изјави на аналитичари го обвинуваше СЈО за хајки, а Алфа известуваше дека околу него има „многу помпа, а малку резултати“, другите телевизии укажуваа на проблемите на кои се пожали ова обвинителство, на недостиг на соработка со институциите, а предупредуваа и на можноста од неговото укинување од Уставниот суд, критикувајќи го судот дека тактизира со изјаснувањето по ова прашање (24 Вести).

Ретроспективните анализи по повод одбележувањето *25 години од прогласувањето на независноста* беа особено интересна тема




**Приод во известувањето за предизборните активности на СДСМ, Коалиција на СДСМ министри од СДСМ во Владата (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

преку која можеше да се согледа фаворизирачкиот и напаѓачкиот однос на телевизиите кон различните политички субјекти. Тоа беше особено видливо кај Сител, Алфа и Канал 5, кои во своите прилози нагласуваа дека земјата поминала низ транзиција и ембарга, но сега станала реформирана и привлечна за странски инвестиции (Сител дури директно посочи дека сето тоа се случило во последните 10 години, откако дошла на власт сегашната влада). На МТВ по овој повод балансирано се истакнуваа и подемите и падовите на земјата, а другите телевизии имаа многу покритички пристап, истакнувајќи дека според тоа каде се наоѓа државата денес, биле изневерени очекувањата од 1991 година (24 Вести).

Најизразен негативен однос е забележан во прилозите на Сител, ТВ Нова, Алфа и Канал 5 во врска со изјавата на лидерот на СДСМ Зоран Заев за употреба на албанскиот јазик на целата територија на Македонија. Напаѓачкиот однос се огледуваше пред се во едностраното известување, бидејќи ги пренесуваа негативните реакции на овој предлог, иако тие не беа единствени. Алсат М, од друга страна, извести дека Рафиз Алити од ДУИ го поздравил предлогот, а Илија Димовски од ВМРО-ДПМНЕ го критикувал.




**Приод во известувањето за активностите на СЈО (5 - 9 и 11 - 16 септември)**



# АНАЛИЗА НА ПОЕДИНЕЧНИ ТЕЛЕВИЗИИ

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
# ПРВ СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во известувачкиот период Македонската телевизија на својот прв програмски сервис објави 94 прилози што се однесуваат на политичките субјекти, состојби и процеси. Во централниот дневник на МТВ1 е застапен поширок репертоар на теми и ниедна не надминува 20 отсто од вкупниот број прилози. Најмногу прилози се објавени за предизборните активности на партиите (18), за 25-годишнината од независноста (13), како и работата на институциите (12), подготовката на изборите и проблематичната изборна единица 6 (10), последиците од поплавите и работата на СЈО (по 8), состојбите во економијата (5), проекти и мерки на Владата (3) и други теми.




**Број на прилози на МТВ1 според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

Најзастапен субјект во вестите е партијата СДСМ, во 54 прилози (57 со министрите и со коалицијата. ВМРО-ДПМНЕ е присутна во 34 прилози, или вкупно 48 заедно со тие во кои се вклучени функционерите од партијата и коалициските партнери. Во 46 прилози се застапени некатегоризирани субјекти, во кои спаѓаат јавните претпријатија, државните служби, Стопанската комора, граѓанските организации, помали партии (Левица, Достоинство, ДС), организациите на дијаспората, Европската унија и други. Специјалното јавно обвинителство беше застапено во девет прилози, а за неговите активности се известуваше на почетокот од вестите.

МТВ1 ги следеше актуелните случувања и соодветно ги пренесуваше според нивната важност, без никакво фаворизирање или запоставување на некој политички субјект. Телевизијата емитуваше целосни и сеопфатни информации за настаните, без да навлегува во подлабоки анализи или да дава критички осврти.

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во најголемиот број прилози (48) на МТВ еден е користен само по еден извор. Различните гледишта во дел случаи се презентираат и со последователни прилози на истата тема. Тоа е случај кога се пренесуваа реакции од опозицијата за различни случувања (избор на судии, проектот Македонија вработува, 5 септември), или кога институции или владејачката партија реагира на активностите на СДСМ. Во само еден од 12-те прилози со по два извора има спротивставени гледишта, но тоа е почест случај во прилозите со по три или повеќе извори.




**Користење на изворите во вестите на МТВ1 (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
# ВТОР СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

МТВ2 во анализираниот период објави вкупно 63 прилози. Организацијата на изборите од страна на институциите, прекројувањето на ИЕ 6, избирачкиот список беа темите кои доминираа во прилозите (16). Работата на институциите (евроинтеграции, регионална соработка, посети) беше тема застапена во 13 прилози. Работата на СЈО, односно објавувањето на двете обвиненија и процесот за Пуч беше тема во 8 прилози, додека за поплавите и последиците од нив, како и за предизборни активности на партии-




**Број на прилози на МТВ2 според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

те МТВ2 во вестите известуваше со по 7 прилози. Со три прилози во вестите беше одбележан Денот на независноста.

Вестите на МТВ2 информираат за сите позначајни политички настани во земјата, иако се забележува блага наклонетост кон темите кои се од интерес на албанската етничка заедница (активностите на функционерите од ДУИ, поместувањата во албанскиот политички блок, локални настани поврзани со албанската заедница).

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во прилозите во анализираниот период како субјект најмногу е застапен СДСМ (41 прилог), ВМРО ДПМНЕ (35), министрите од ДУИ (17), СЈО (15), ДУИ (13), ДПА (12 и ДИК (11). Генерално во вестите на МТВ2 нема изразување личен став на новинарот или на редакцијата. Онаму каде што има, тој е неутрален, и тоа кај што се споменуваат следниве субјекти: СДСМ (25 прилози), ВМРО ДПМНЕ (24), ДУИ (13), ДПА (11). Во два прилози новинарот дава лична афирмативна оценка.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во прилозите најмногу се користи еден извор (19). Потоа следуваат прилозите каде се појавуваат три или повеќе страни (16) од кои во 10 тие се со спротивставени гледишта (10). Во прилозите со два извори (15), соговорниците се повеќе со единствени гледишта (8).




**Користење на изворите во вестите на МТВ 2 (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# СИТЕЛ

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во вестите во анализираниот период од 5-9 септмври и од 12-16 септември Сител објави вкупно 116 прилози кои се однесуваат на политички случувања и актери. Најголем број беа посветени на предизбори активности на партиите (25 прилози), потоа организацијата на изборите, работата на ДИК и расправата што се покрена за прекројување на шестата Изборна единица (14 прилози), редовните активности на институциите (12




**Број на прилози на Сител според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

прилози), промотивните мерки на Владата (9) и Денот на независност (9). Ист број прилози (9) има и на теми коа во анализата се ставени под разно - падот на италијанскиот авион кај Скопје, одбележувањето на верскиот празник Рамазан Бајрам, серијата земјотреси во Скопје кои предизвикаа широка расправа. За невработеноста и инвестициите Сител објави 8 прилози, додека за широката употреба на албанскиот јазик што произлезе од интервјуто на лидерот на СДСМ Зоран Заев - 7 прилози.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во вестите на Сител најмногу како субјект се појавува опозициската СДСМ (82) по што следува владејачката ВМРО ДПМНЕ (46), министрите од ВМРО ДПМНЕ (26), претседателот на РМ (10), министрите од СДСМ (8), СЈО (7) и ЈО (5), ДУИ - 4.

Позитивен или афирмативен став новинарот најмногу изразил во прилозите каде субјект е ВМРО ДПМНЕ -14 и за министрите од ВМРО ДПМНЕ - 3. Негативен или демонизирачки став најмногу е изразен кон опозицискиот СДСМ (18 прилози) и кон министрите од оваа партија - 2 . Во 2 прилози новинарот во негативен контекст коментира за работата на СЈО. Оваа телевизија објави 3 прилози во кои новинарот искажува негативен став кон активностите на ДУИ. За опозициската СДСМ во 9 прилози ставот на новинарот е неутрален.

Иако големиот број прилози за СДСМ во споредба со оние за ВМРО-ДПМНЕ е навидум подобрување, сепак ова не значи промена во уредувачката политика на медиумот. Битно е да се напомене дека станува збор за прилози во кои нема никаква експлицитна оценка на новинарот, позитивна, негативна или неутрално-критичка). Но, ова не значи дека медиумот решил во својата уредувачка политика да се дистанцира од владејачката партија, бидејќи во вкупно 19 прилози тој продолжува да ја демонизира опозицијата (17) или СЈО (2), а пак во 17 да ја фаворизира власта и владејачката партија. Факт е дека за разлика од претходните месеци, овој тренд е послаб и по број на прилози и по вокабуларот, но тоа може да се должи на самиот период на анализата и интензитетот и карактерот на настаните што ги обработувал медиумот.




Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во 88 прилог на оваа телевизија новинарот се повикувал на извор на информацијата што ја пренесува. Најмногу се со еден извор (44), потоа со два извори (24) и со три или повеќе (18).

Во прилозите со два извори подеднаков број се со единствени и со спротивставени ставови (по 12), додека кај оние со три и повеќе извори се спротивставени (10). Во 3 прилози не се посочува извор на информацијата.




**Користење на изворите во вестите на Сител (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# ТЕЛМА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во вестите во анализираниот период Телма објави вкупно 86 прилози кои се однесуваат на политички случувања и актери. Најголем број од прилозите беа посветени на работата на институциите (26). Организацијата на изборите се третира во 11 прилози, додека работата на СЈО се е тема во 10 прилози, со акцент на објавувањето на две обвиненија од оваа институција, како и одложувањето на судскиот процес за предметот Пуч каде еден од осомничените е лидерот на СДСМ Заев. Справувањето со поплавите од август е тема во 7




**Број на прилози на Телма според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

прилози, додека состојбата во економијата (невработеност и инвестиции) е тема во 8 прилози. Исто толку (8 прилози) се посветенени и на одбележувањето на Денот на независноста. Употребата на албанскиот јазик на територијата на цела држава е тема во 4 прилози.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најмногу од прилозите се однесуваат на субјекти кои не се поврзани со поголемите политичките партии: Синдикати, Универзитети, невладини организации, и други помали политички партии. Останатите најмногу се однесуваат на СДСМ (30), на ВМРО ДПМНЕ (26), на министрите од ВМРО ДПМНЕ (20), на Коалицијата предводена од СДСМ (14), на СЈО (13), на министрите од СДСМ (10), на Јавното обвинителство (10), на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (9). Генерално телевизијата во прилозите не зазема никаков став во однос на политичките случувања или актери. Во ниту еден прилог нема личен позитивен став на новинарот кон ниту еден субјект. Во 4 прилози, новинарот известува неутрално, додека во две прилози има благ негативен став и тоа во прилози кои се однесуваат на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата што ја предводи ВМРО ДПМНЕ.

Телма продолжува со известување од актуелните настани професионално, без изразување став кон некој од политичките субјекти. Во вестите доминираат теми кои се од граѓански интерес кон кои се зазема аргументиран критички став, со консултирање на сите страни во проблемот.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во 71 прилог на оваа телевизија новинарот се повикува на извор на информацијата што ја пренесува. Најмногу се со еден извор (30), потоа со три или повеќе (23) и со два извори 13.

Во прилозите со два извори во 7 соговорниците се со исто стојалиште, додека во 6 се со спротивставени гледишта. Во прилозите со повеќе од два извори (3 и повеќе), доминираат оние каде ставовите на консултираните извори се со различни гледишта (18). Во еден прилог нема извор.




**Користење на изворите во вестите на Телма (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 24 ВЕСТИ

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата 24 Вести во мониторираниот период објави 107 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси и состојби. Најмногу внимание медиумот посветил на темите за економските состојби (16 прилози), вклучувајќи ги долговите на државата кон стопанството, падот на невработеноста, подготовката на буџетот итн. Меѓу позастапените теми беа и тие за предизборните партиски активности, работата на Специјалното јавно




**Број на прилози на 24 вести според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

обвинителство, рабтата на институциите, јавниот долг, одбележувањето 25 години од независноста (вклучително и анализи каде стигнала државата за 25 години), подготовките за избори вклучувајќи го проблемот со шестата изборна единица, последиците од поплавите во скопско вклучувајќи ја и собраниската расправа за нив итн.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во најголем број случаи (84) во прилозите на телевизијата не се застапени партиските субјекти, туку „други субјекти". Тоа означува институции како Уставниот суд, Стопанската комора, МАНУ и други, или, пак, прилозите се однесуваат на министерствата и на државните органи без да се споменуваат политичките субјекти што ги раководат, согласно начелото на одвоеност на државата од партиите. Во 19 од овие прилози е изразен неутрално-критички став кон субјектите: Уставниот суд не се произнесува за СЈО (5 септември), изневерени се идеалите од 1991 година (8 септември), буџетот стокмен, ќе има нов судир (16 септември).

Освен тоа, се објавуваа прилози во врска со помали политички партии (Левица, десната коалиција итн), кои исто така спаѓат во оваа категорија. СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се претставени во речиси ист број прилози (СДСМ 44, ВМРО-ДПМНЕ 41), а ДУИ (12) и ДПА (6) се многу помалку застапени. Специјалното јавно обвинителство е присутно во 31 прилог, а Државната изборна комисија во 12, речиси сите поврзани со работата на овие институции во актуелниот период. И владините претставници од различни партии се речиси еднакво застапени. Телевизијата не изразила експлицитна позитивна или негативна оцена во ниту еден прилог. Неутрален критички став бил изразен во 43 прилози, кон министри од ДУИ (нерешавањето на проблемот со шестата изборна единица од министерот за правда), владините претставници од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ (старо-нова приказна во МВР) и кон други субјекти.

Медиумот редовно ги следеше актуелните случувања од јавен интерес и ги пренесуваше и ги анализираше согласно нивната важност.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во поголемиот број прилози (48) се почитува правилото за цитирање два или повеќе извори, а во речиси еднаков број случаи тие се со единствена и со спротивставена позиција. Во 33 прилози имаше по еден извор, а во два немаше експлицитно наведени извори (ретроспективни прилози по повод 25 години од независнота).




**Користење на изворите во вестите на 24 вести (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# КАНАЛ 5

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во известувачкиот период на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 115 прилози поврзани со политичките актери, процеси или состојби. Речиси една третина од нив (35 прилози) се однесуваат на предизборните активности на политичките партии. Меѓу другите позастапени теми се промотивните активности на Владата и 25-годишнината од независноста (по 12 прилози), справувањето со поплавите (8 прилози),




**Број на прилози на Канал 5 според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

состојбите со економијата, предлогот за проширена употреба на албанскиот јазик, работата на СЈО и други теми. Вкупно 24 прилози се однесуваат на некатегоризирани теми. Три прилози се однесуваат на промоција на проектите и мерките на Владата во кои во име на државата говори лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (за реконструкција на патот Кичево-Гостивар и за мерки за пензионерите).

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Убедливо најзастапен политички субјект во вестите е СДСМ со 95 прилози (103 заедно со коалицијата и со министрите од партијата). Самата партија ВМРО-ДПМНЕ е многу помалку застапена (59 прилози), но активностите на нејзините министри многу почесто се проследувале (39 прилози) па вкупната разлика меѓу двата најголеми субјекти е занемарлива.

Но, се изразува позитивен однос кон ВМРО-ДПМНЕ во 21 прилог (Груевски со посетата во Берлин ја зајакнува соработката со Германија, 7 септември) кон министрите од партијата (државата и дава помош на земјоделците, 12 септември), додека кон СДСМ има негативен однос во 10 прилози (во вандализмот врз институциите директно учествуваше раководството на партијата, 15 септември). Телевијата не изразува експлицитен однос кон Специјалното јавно обвинителство, освен во прилогот за првото обвинение (штетата е три искршени прозорци, но сепак СЈО подигна обвинение, 15 септември).

Изразувањето позитивен или негативен однос кон субјектите е поретка појава во споредба со минатите месеци и со многу послаб интензитет во однос на вокабуларот и аудиовизуелната презентација. Сепак, телевизијата прави авторски анализи за тоа колку успешни ќе бидат мерките на Владата промовирани од функционерите на ВМРО-ДПМНЕ (пред се во земјоделството). Од друга страна, барањата и ветувањата на опозицијата ги пренесуваше како што ги презентираше самата партија (поголема минимална плата, укинување на радиодифузната такса), и речиси секогаш со реакција од владејачката партија или од институциите со кои тие ги „разобличуваат“ нејзините иницијативи.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во околу две третини од прилозите (65) се користи само по еден извор. Во дел од овие прилози различните позиции се претставуваат последователно. Тоа најчесто се случува кога се информира за активностите на опозицијата, а веднаш потоа следува нов прилог со реакција од институција или од претставник на владејачкото мнозинство. Во само 13 случаи имало различни или спротивставени гледишта во рамките на еден прилог.




**Користење на изворите во вестите на Канал 5 (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

Алфа ТВ

# АЛФА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Алфа во мониторираниот период објави 103 прилози што се однесуваат на политичкиот живот во земјава: Речиси една четвртина од нив (25) отпаѓаат на предизборните активности на политичките партии, а голем број прилози (21) се посветени и на промоцијата на проектите и мерките на Владата и на институциите. Беше посветено значително внимание и на 25-годишнината од независноста, економските состојби (падот на невработеноста, можностите за инвестиции), работата на СЈО (првите обвиненија и ретроспектива) и предлогот за проширена употреба на албанскиот јазик. Емитувани се




**Број на прилози на ТВ Алфа според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

само три прилози во врска со поплавите и ниту еден за јавниот долг

Беа објавени и два прилога во кои лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски најавува нови проекти или продолжување на старите во име на државата, а во еден тој е емитуван како гостин на владин настан (промоција на книги, 9 септември).

Телевизијата Алфа екстензивно ги следи кампањските активности на партиите, иако изборите не беа распишани во мониторираниот период, а многу малку известуваше за можните проблеми во организацијата на изборите, како на пример вишокот гласачи во шестата изборна единица.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Иако СДСМ е убедливо најзастапен политички субјект во вестите (57 прилози), телевизијата кон оваа партија често изразува експлицитен негативен однос, интегрално пренесувајќи ги напаѓачките ставови од политичкиот противник (за Диме Спасов, партијата на Мила Царовска ја создаде социјалната сиромаштија, 12 септември) или внесувајќи сопствени коментаторски елементи (во трка за гласови, Заев подготвен да ја прошири употребата на албанскиот јазик, 14 септември).

ВМРО-ДПМНЕ е застапено со помалку прилози (38) но со изразен позитивен однос (со 160.000 вработувања ја намаливме невработеноста, вели лидерот Никола Груевски, 9 септември). Но, ако на овој број се додадат прилозите во кои протагонисти се членовите на Владата од ВМРО-ДПМНЕ, исто така често позитивно оценувани (промоциите на новите




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

мерки на Владата за земјоделците) нема никаква разлика во застапеноста. Голем број се однесуваат на „други субјекти“ (48) или немаат изразен субјект (45), а во половина ов нив е изразен позитивен однос. Станува збор за оценка на работата на државнтите институции (редовно се исплаќал повратот на ДДВ, 5 септември) или за општите состојби (за 25 година Македонија се претворила од кризна во посакувана дестинација, 8 септември). Негативен однос има и кон Специјалното јавно обвинителство (многу фама и дефиле, а ниту едно издржано обвинение, 14 септември). Односот кон оваа институција може да се види и преку пласманот, веста за првите обвиненија (15 септември) беше седма во дневникот, по вестите за растот на прометот во индустријата, бизнис-можностите за македонските компании итн.

Иако позитивниот или негативен однос кон одредени субјекти е јасен, неговото изразување е со многу послаб интензитет во споредба со изминатите месеци, во однос на вокабуларот и на аудиовизуелната презентација. Но телевизијата имаше поаналитички пристап кон мерките предложени од владините министри, образложувајќи колку позитивни би биле ефектите од нив, а предлозите на опозицијата ги пренесуваше во оригинал и со реакција-коментар од институциите или од владејачката партија.

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во прилозите почесто се користи по еден извор (49 прилози), отколку два (26) или повеќе (13). Во само шест прилози имало различни или спротивставени гледишта. Но различните гледишта често беа присутни во последователни прилози. Телевизијата ги пренесе најголемиот дел обраќања на претставниците на опозицијата со нивните реакции за проблемите или предизборни ветувања, а веднаш потоа емитуваше реакции од владејачката партија или од државните институции.




**Користење на изворите во вестите на Алфа (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

ALSAT M

# АЛСАТ М
# АЛБАНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во вестите на албански јазик телевизијата Алсат М објавила вкупно 92 прилози поврзани со политичките актери, процеси и состојби. Убедливо најчеста тема на опсервација на телевизијата (31 прилог) била работата на државните и јавни институци, најчесто од образованието (неплатениот ученички превоз во Тетово, лошата состојба со училиштата во селата), но и од урбанизмот (дупката што се отвори во центарот на Скопје, за која реагираа партиите и јавноста), загадувањето и други. Објавени се многу мал број прилози (3) за партиските предизборни активности, но голем број (17) за проблемите со организација-




**Број на прилози на Алсат М на албански јазик според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

та на изборите, пред се со изборната единица 6. Меѓу темите што го привлекле вниманието се и работата на СЈО (14 прилози) и последиците од поплавите (13), а повеќе во однос на другите медиуми се обработуваше темата за Мајка Тереза (4 прилози).

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во најголем број случаи во известувањето не се споменуваат конкретни политички субјекти (75) или тоа се однесува на општи субјекти како институциите (23). Тоа се најчесто и прилозите со критичка опсервација, и се однесуваат на недостатоците во образованието и во работата на другите институции. Меѓу најкритикуваните се и министрите од владата на ДУИ (21 прилог, од кои 6 критички), пред се министерот за правда во врска со проблемот со шестата изборна единица. ВМРО-ДПМНЕ (34) и СДСМ (31) се многу повеќе застапени во споредба со ДУИ (24) и ДПА (15), но партиите на Албанците се многу почесто предмет на критика. Во ниту еден случај не е изразен позитивен или негативен однос кон политичките субјекти.

Телевизијата ги следеше актуелностите од јавен интерс и ги пренесуваше соодветно, изразувајќи аргументиран критички однос во своето известување. Но и самата актуелизира различни проблеми со кои се соочуваат граѓаните, како образованието во руралните средини, или состојбата во поплавените места во скопско.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во прилозите најчесто се користат по повеќе извори што изразуваат различни или спротивставени гледишта. Дури 45 прилози имале по три или повеќе извори, а во 31 од нив тие застапувале различни позиции. И во прилозите со по два извора (18) тие се почесто спротивставени. Во 18 прилози има по еден извор.




**Користење на изворите во вестите на Алсат М на албански јазик (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# АЛСАТ М
# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во информативната емисија на македонски јазик, телевизијата Алсат М објави 95 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси и состојби. Содржината на овие вести во мониторираниот период беше речиси идентична со таа во информативната емисија на албански јазик. Според тоа, повторно убедливо најчеста тема на опсервација (37 прилози) била работата на државните и јавни институци, најчесто од образованието, урбанизмот, загадувањето и други области. Објавени се само два прилога за партиските предизборни активности, но 19 за про-




**Број на прилози на Алсат М на македонски јазик според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

блемите со организацијата на изборите, пред се со изборната единица 6. Меѓу темите што го привлекле вниманието се и работата на СЈО (13 прилози) и последиците од поплавите (14), а повеќе во однос на другите медиуми се обработуваше темата за Мајка Тереза (4 прилози).

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Исто како и во вестите на албански јазик, и во тие на македонски, во најголем број случаи во известувањето не се споменуваат конкретни политички субјекти (83) или тоа се однесува на општи субјекти како институциите (31). Тоа се најчесто и прилозите со критичка опсервација, и се однесуваат на недостатоците во образованието и во работата на другите институции. И во овие едни од најкритикуваните субјекти се ДУИ (24 прилози, од кои 11 критички) и министрите од оваа партија (16 прилози, од кои 10 критички). Станува збор за неутрална и аргументирана критика, дека партијата ДУИ молчела за проблемот со шестата изборна единица (14 септември), дека министерот Љутфиу делел училишен прибор во несанирано училиште (6 септември) итн. ВМРО-ДПМНЕ (29) и СДСМ (28) се позастапени во споредба со ДУИ (24) и ДПА (13), но партиите на Албанците се многу почесто предмет на критика. Во ниту еден случај не е изразен позитивен или негативен однос кон политичките субјекти.

И во изданието на македонски телевизијата ги следеше актуелностите од јавен интерс и ги пренесуваше соодветно, изразувајќи аргументиран критички однос во своето известување, и актуелизира различни проблеми со кои се соочуваат граѓаните.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Телевизијата најчесто користи по повеќе извори што изразуваат различни или спротивставени гледишта. Вкупно 41 прилог имале по три или повеќе извори, а во 26 од нив тие застапувале различни позиции. Во прилозите со по два извора (19), во нешто над половината (10) тие се со единствено стојалиште, а во другите со спротивставено. Во 25 прилози има по еден извор.




**Користење на изворите во вестите на Алсат М на македонски јазик (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# ТВ 21
# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

ТВ21 во вестите на македонски јазик објави 84 прилози во анализираниот период. Најмногу од нив (16 прилози) се за настани надвор од актуелните политички случувања (хаосот со лизгање на земјиштето во центарот на Скопје активности на помали политички партии, како и локални настани). Телевизијата исто така интензивно го следеше и организирањето на изборите (14 прилози), преку работата на ДИК и ставовите за прекројување на ИЕ 6. Специјалното јавно обвинителство е тема во 13 прилози, додека ситуацијата со поплавите се анализира во 8 прилози. По 4 прилози има за одбележувањето на Денот на независноста, задолжувањето и состојбата со медиумите.




**Број на прилози на ТВ 21 на македонски јазик според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во најмногу од прилозите како субјект се појавува опозициската СДСМ (27), потоа ВМРО ДМПНЕ (23), министрите од ВМРО ДПМНЕ се субјект во 17 прилози, исто колку што и СЈО. ДУИ се споменува во 14 прилози, а 7 прилози се однесуваат и на ДПА.

Единствен изразен став што е забележан во три прилози (за Јавно обвинителство, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ) е неутрално критички.

Генерално, телевизијата во вестите на македонски јазик не изразува лични ставови на новинарот или редакцијата во прилозите. Главен акцент се става на експертските мислења во анализите кои ги следат дневно- политичките случувања, во кои без исклучок се презентираат различни, контра- ставови.




Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во 30 прилози во вестите на македонски јазик во ТВ21 се изразува став на три или повеќе соговорници. Во најголем број од нив (16) тие ставови се спротивставени. Во 17 прилози има само еден извор на кој се темели информацијата, додека во 15 прилози се спротивставуваат (8 прилози) ставовите, додека во 7 тие се поклопуваат.




**Користење на изворите во вестите на ТВ 21 на македонски јазик (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# ТВ 21
# АЛБАНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

ТВ 21 во вестите на албански јазик објави 78 прилози. Најмногу се за работата на институциите (услови во училиштата, регионална соработка)- 15, по што следува темата за организација на изборите (13 прилози), како што е работата на ДИК, расправата за прекројување на ИЕ 6. За работата на СЈО во врска со првите обвиненија телевизијата во вестите објави 11 прилози, исто толку (11) и за ситуацијата со поплавите. Истрагата за кингерот што се урна кај Скопје, за лизгањето на земјиштето во Центар кај зградата на МНР и за други институции надвор од политичките случувања, телевизијата објави 7 прилози. Економската ситуација (невработеноста) е тема во 5 прилози, додека Денот на независноста во 4.




**Број на прилози на ТВ 21 на албански јазик според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

те на албански јазик на ТВ 21 се однесуваат на СДСМ (27), потоа на ВМРО ДПМНЕ (25), субјекти кои не се однесуваат на политичките актери се споменуваат во 19 прилози. СЈО и објавувањето на двете обвиненија се тема во 17 прилози, додека министрите од ВМРО ДПМНЕ (18), ДУИ (13), ДПА (6) и претседателот на РМ (6).

Телевизијата во овие вести генерално не зазема личен став ниту кој случувањето ниту кој некои политички субјект. Единствена оценка е неутрална, со аргументирана критика во 10 прилози (министрите на ДУИ 3, ДУИ 4 и ВМРО ДПМНЕ 3). Во овие вести, за разлика од останатите телевизии се информира подетално за случувањата во политиката и секојдевниот живот на албанската етничка заедница, со третирање на проблеми од јавен интерес во местата каде таа е мнозинство, без фаворизирање на став ниту на заендицата ниту на некој политички субјект.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во најголем број од прилозите (29) се сочуваат ставовите на три или повеќе соговорници, од кои 16 се со контра ставови, додека 14 се со исто гледиште. Во 17 прилози се сочуваат два извори од кои во 9 тие се спротивставеи, а во 8 тие се поклопуваат. Во 13 прилози има само еден извор на пренесената информација.




**Користење на изворите во вестите на ТВ 21 на албански јазик (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# ТВ НОВА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

ТВ Нова во периодот од 5-9 септември и од 12- 16 септември 2016 објави 67 прилози за актуелни политички случувања. Најмногу од вестите беа посветени на изборните активности на партиите (16). Во 9 прилози се информираше за работата на институциите (евроинтеграциите, потпишување договори, посети). Во 6 прилози тема е организацијата на изборите (ДИК, ИЕ6), а во исто толку (6) економската состојба (невработеност, инвестиции). Работата на СЈО кое беше актуелно по објавувањето на првите две обвиненија е тема во 7 прилози на оваа телевизија, додека по 4 прилози има за состојбата со медиумите и за предлогот на Заев за широка употреба на албанскиот јазик во земјава.




**Број на прилози на ТВ Нова според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во најмногу од прилозите како субјект се појавува владејачката ВМРО ДПМНЕ (61), додека СДСМ се споменува во (39). СЈО е субјект во 9 прилози, додека медиумското АД хок тело во 8, заедно со други институции како помали политички партии, невладини организации.... ДИК се споменува во 7 прилози во овој период. Најчесто новинарот и редакцијата не изразуваат личен став во прилозите. Од анализата се гледа дека во 7 има афирмативен, став кон активностите на владејачката ВМРО ДПМНЕ, додека негативен има во 7 прилози. од кои 5 се однесуваат на СДСМ и по еден за АД хок телото за медиуми и за СДСМ.

Промовирањето на активностите на Владата и владејачката ВМРО ДПМНЕ и натаму останува белег на вестите на ТВ Нова. За разлика од претходно, сепак тој став е многу помалку застапен, исто како и негативниот однос посебно кон опозициската СДСМ. Се зголемува бројот на прилози во кои се информира за настаните, без заземање страна, за сметка на коментаторските.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Најмногу од прилозите наведува само еден извор на информација (35). Онаму каде се користат три или повеќе извори (20 прилози) најголем број (114) се со контра гледишта. Во прилозите каде се наведуваат два извори (12), најголем број се со исти стојалишта (8).




**Користење на изворите во вестите на ТВ Нова (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

British Embassy
Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје, во рамките на проектот Изразување на јавниот интерес: Зголемување на моќта на граѓанските организации во Македонија. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

ИНСТИТУТ
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МОЌТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА


THE ATTACK ON IRAQ